Проектот е финансиран
од Европската Унија

# ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

за
избор на консултант/ка за подготовка на извештај Барометар за еднакви можности

## 1. Позадина

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во 2022 година почна да го спроведува проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, финансиран од Европската Унија.

Главната цел на проектот е да допринесе кон зајакнување на институционалниот одговор за борба против дискриминацијата и неправедниот третман кон маргинализираните групи и граѓани. Во проектот, борбата против дискриминацијата ја согледуваме од два аспекта: прво, преку добро поставени и подготвени институции за брз одговор кон распространетата дискриминација, и второ, преку зголемена граѓанска свест (граѓани, граѓански здруженија, медиуми, итн.) за еднаквост и недискриминација. Овие два аспекта се тесно поврзани и испреплетени – зајакнувањето на институциите ќе ја зголеми довербата на граѓаните и охрабри да го кренат својот глас пред неправдите и обратно, притисокот кој доаѓа од страна на граѓаните ќе влијае да имаме институции кои постојано ќе се подобруваат и соодветно ќе реагираат.

Во рамките на проектот предвидено е реализација на истражување за детектирање на ставовите на граѓаните и граѓанките за распространетоста на дискриминацијата. Оттука, МЦМС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) отпочнаа соработка за реализација на теренска анкета и подготовка на извештај **Барометар за еднакви можности**. Анкетата за Барометарот за еднакви можности е во тек и треба да заврши до крајот на јуни 2023 година по што треба да следи анализа на податоците и пишување на извештај. Спроведувањето на анкетата се базира на репрезентативен примерок на граѓани и истата е усогласена со Еуробарометарот за дискриминација кој го спроведува Европската комисија.

Во Северна Македонија, во октомври 2020 година се донесе новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација со кој се утврдија низа на заштитени карактеристики, и листата на заштитени карактеристики се остави отворена.[1] Со овој Закон се воспостави и третиот мандат на новоименуваната Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), сега со проширени надлежности. Но, покрај законската рамка и улогата на институциите, важно е да се напомене дека за сеопфатна борба против дискриминацијата потребни се различни акции и ова истражување токму цели да придонесе во борбата против дискриминацијата преку обезбедување на емпириски податоци кои ќе помогнат во креирањето на политиките за недискриминација и еднаквост во земјата. Ова истражување се спроведува по четврти пат, а претходните извештаи на Барометарот за еднакви можности беа спроведени во 2009, 2013, 2018 година[2].

---

[1] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник бр. 258/2020). Со овој закон се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

[2] Види повеќе на: https://mcms.mk/images/docs/2009/barometar-za-ednakvi-moznosti-mcms-2009.pdf, https://mcms.mk/images/docs/2014/barometar-za-ednakvi-moznosti.pdf и https://www.osce.org/files/f/documents/0/1/439706.pdf

## 2. Цел на задачата

Целта на оваа задача е да се обработат и анализираат емпириските добиени податоци од спроведената теренска анкета за перцепциите и искуствата на граѓаните и граѓанките на полето на дискриминацијата. Следењето на трендовите поврзани со ставовите за распространетоста на дискриминација преставува корисна алатка како за општата така и за стручната јавност. Извештајот треба да овозможи сите заинтересирани страни да добијат увид во трендовите и потоа истите да ги користат во подобрување на мерките и политиките на национално ниво во борбата со дискриминација и нееднаквоста.

Поконкретно, во извештајот Барометар за еднакви можности консултантот/ката потребно е да ги опфати и анализира следните теми:

- демографските податоци на испитаниците/чките;
- перцепциите за различните видови на дискриминација, повеќекратната дискриминација и ставовите кон различните групи подложни на дискриминација;
- перцепциите на личните искуства со дискриминација и сведочења за туѓи дискриминаторски искуства како и области на дискриминација;
- перцепциите за напорите на државата во борбата против дискриминацијата и повикување на релевантни институции во случај на дискриминација;
- свесноста на потенцијалните жртви на дискриминација за своите права;
- ставовите за еднаквоста на можностите при вработување;
- заклучоци.

## 3. Активности што треба да се спроведат

Во соработка со партнерите кои го спроведуваат ова истражување, должностите и одговорностите на консултантот/ката се следните:

- анализа на емпириските податоци од спроведената анкета кои обработени ќе ги добие од страна на партнерите;
- подготовка на концепт/структура за извештајот;
- пишување на извештај за Барометар за еднакви можности базиран на овогодинешните податоци, со компарација на трендовите од последните Барометри спроведени во земјата;
- извештај за завршената работа;
- презентација на извештајот на јавен настан.

## 4. Испораки/резултати

До крајот на задачата, треба да се испорача подготвен извештај Барометар за еднакви можности на македонски јазик.

## 5. Времетраење и временски распоред на задачата

За подготовка на овој извештај предвидени се вкупно 10 работни дена. Работата на оваа задача треба да започне од 15 јули 2023 година и да заврши до 15 септември 2023 година (поднесување на прва драфт верзија).[3]

## 6. Критериуми кои треба да ги исполнува консултантот/ка

- Да има завршено високо образование и стекната диплома од општествени или други сродни науки (пожелни се магистерски и/или докторски студии);

[3] Роковите за испорака финално ќе се договорат со избраниот консултант/ка.

- Да има работено на подготовка на анализи, извештаи и политики во доменот на недискриминација, човекови права, социјална инклузија, маргинализирани групи, општествен развој и слично во последните 5 години;
- Да има вештини за обработка и анализа на податоци (примарни и секундарни извори);
- Да има најмалку 7 години професионално искуство во полето на недискриминација, човекови права, социјална инклузија и маргинализирани групи;
- Да има одлично познавање на англиски јазик и Microsoft office апликациите;
- Да поседува развиени комуникациски и презентациски вештини.

Консултантот/ката постојано ќе комуницира со координаторот на проектот и ќе ги следи упатствата и забелешките на сите партнери.

## 7. Постапка за изразување на интерес

За изразување на интерес потребно е да се поднесат следните документи на македонски јазик:

- Професионална биографија;
- Писмо за изразување на интерес, во кое е наведено финансиска понуда изразена во бруто сума по ден во евра;
- Драфт работен план за реализација на задачата.

Договор за работа може да се склучи со физичко или правно лице.

Рокот за пријавување и поднесување на документите е до **02 јуни (петок) 2023 г.** на следната електронска адреса fiv@mcms.mk. Доколку имате прашања во врска со повикот испратете ги на истата електронска адреса.

АСв,ФИв/АСв
Бр. 09-38/6-2023
Скопје, 15.05.2023 г.